Врз основа на член 11 и член 52 став 3 од Закон за административни службеници(„Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020 и 215/21), Директорот на Државниот просветен инспекторат донесе

**ОДЛУКА**
**за невршење на избор за унапредување на административен службеник**
**по Интерен оглас број 03/2021**

1. По објавен интерен оглас број 03/2021 за унапредување на административни службеници не се врши избор на кандидат за следното работно место :

- **ИНС0101Б04001, Раководител на одделение за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, пост-средно образование, ученички домови, образование во специјализирани воспитно-образовни установи и друго образование во југозападен плански регион**, во Одделение за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, пост-средно образование, ученички домови, образование во специјализирани воспитно-образовни установи и друго образование во југозападен плански регион, Сектор за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, високо и друго образование - 1 извршител

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број бр. 18-9222/2 и 18-2449/2 од 11.03.2021 година Директорот на Државниот просветен инспекторат упати барање со архивски број 04-751/1 од 09.12.2021 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Државен просветен инспекторат. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 03/2021 со архивски бр. 04-751/3 од 09.12.2021 година за унапредување на 2 (два) административни службеници во Државен просветен инспекторат, на ден 10.12.2021 година на веб страницата на Државен просветен инспекторат и на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Директорот на Државен прсветен инспекторат со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на администратвни службеници со архивски број 04-751/5 од 15.12.2021 година, направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во

Државен просветен инспекторат. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 03/2021 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-751/6 од 17.12.2021 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на администратвен службеник со архивски бр. 04-751/10 од 21.12.2021 година и изготвена Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 03/2021 со архивски број 04-751/11 од 22.12.2021 година. Од причини што кандидатите имаат покажано многу ниско знаење на интервјуто Директорот на Државниот просветен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДИРЕКТОР
Ardian Musliu